# MEMBERSHIP OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA IN THE NATO ALLIANCE - OBLIGATION TO BUILD A COMPATIBLE AND INTEROPERABLE SECURITY AND DEFENSE SYSTEM

**Temelko Risteski**
University FON, Skopje, Republic of North Macedonia, temelko_mkd@yahoo.com

**Abstract:** The process of integration of the Republic of North Macedonia into NATO formally and legally began after the ratification of the Settlement Agreement with the Republic of Greece regarding the name of the Republic.
By joining NATO, the Republic of North Macedonia creates conditions for its protection against external and internal threats. Thus, its space becomes a safe field for foreign capital investment.
The membership of the Republic in NATO imposes the need to build a security and defense system that is compatible, and thus interoperable with the defense and security systems of Alliance member states.
The construction of such a system is based on compatible normative security and defense regulations. It imposed the need to adopt laws on amending the Law on Defense, the Law on Service in the Army of the Republic of North Macedonia, the Law on Classified Information and other laws in the area of defense and security of the Republic.
The purpose of the amendments is to provide a prompt response by all institutions, in particular the Ministry of Defense and the Army of the Republic of Northern Macedonia, ie the human capacities at their disposal for the needs of collective self-defense, thereby creating an opportunity for referral. in accordance with ratified international agreements of active military and civilian personnel, members of the Army Reserve and Ministry staff, duties in NATO command structures, commands, headquarters and military units of international organizations outside the territory of the Republic and in the territory of the Republic. Finally, the purpose of the amendments is to terminologically harmonize and specify certain terms. That would directly or indirectly contribute to the construction of a compatible organization of the system, a compatible equipping of the organs, and security and defense institutions. This will achieve interoperability in the performance of defense and security activities with the activities of the bodies and institutions of Alliance member states.
**Keywords:** security, defense, system, compatibility, interoperability.

# ЧЛЕНСТВОТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО НАТО АЛИЈАНСАТА – ОБВРСКА ЗА ИЗГРАДБА НА КОМПАТИБИЛЕН И ИНТЕРОПЕРАБИЛЕН СИСТЕМ НА БЕЗБЕДНОСТ И ОДБРАНА

**Темелко Ристески**
Универзитет ФОН, Скопје, Република Северна Македонија, temelko_mkd@yahoo.com

**Резиме:** Процесот на интеграција на Република Северна Македонија во НАТО формално-правно започна по ратификацијата на Спогодбата за решавање на спорот со Република Грција во врска со името на Републикава.
Со зачленувањето на Републикава во НАТО се создаваат услови за нејзина заштита од надворешни и внатрешни загрозувања. Со тоа нејзиниот простор постанува сигурно поле за инвестиции на странски капитал.
Зачленувањето на Републикава во НАТО ја наметнува потребата за изградба на систем за безбедност и одбрана кој ќе биде компатибилен, а со тоа и интероперабилен со одбанбено-безбедносните системи на земјите членки на Алијансата.
Изградбата на таков систем се базира на компатибилна нормативна регулатива за безбедноста и одбраната. Тоа ја наметна потребата од донесување на закони за измени и дополнувања на Законот за одбрана, Законот за служба во АРМ, Законот за класифицирани информации и други закони.
Целта на измените и дополнувањата е да се овозможи брз одговор од страна на сите институции, а особено од Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, односно човечките капацитети со кои располагаат за потребите на колективната самоодбрана, а во врска со ова создавање можност за упатување во согласност со ратификуваните меѓународни договори на активниот воен и цивилен персонал, припадниците на резервните сили на Армијата и вработените во Министерството, на должности во командните структури на НАТО, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката. Најпосле, цел на измените и

дополнувањата е да се изврши терминолошко усогласување и прецизирање на одредени поими. Тоа непосредно или посредно ќе придонесе за изградба на компатибилна организација на системот, компатибилно опремување на органите и институциите на безбедноста и одбраната. Со тоа ќе се постигне интероперабилност при извршувањето на одбранбено-безбедносните активности со активностите на органите и институциите на земјите членки на Алијансата.

**Клучни зборови:** безбедност, одбрана, систем, компатибилност, интероперабилност

## 1. ВОВЕД

По склучувањето на Спогодбата за решавање на спорот со името,[1] односно по нејзината ратификација од страна на парламентите на двете договорни страни во Спогодбата, Република Северна Македонија и Република Грција, формално правно започна процесот на интеграција на Република Северна Македонија во НАТО алијансата. Протоколот за членство на Републикава во НАТО го ратификуваа скоро сите членки. Кон средината на октомври оваа 2019 година, тој беше ратификуван и од страна на Сенатот на САД.

Поделеноста на нашите граѓани за и против НАТО се намалува. Најголемиот број од нив или преку 80% се за членство Алијансата. Со ратификацијата на Протоколот за членство во НАТО Републикава, практично е негова членка. Инаку Протоколот прва го ратификува Република Грција, што пред склучувањето на Спогодбата за спорот со името беше незамисливо.

Се поставува прашањето што ќе добиеме или пак изгубиме со зачленувањето во НАТО. Во врска со ова без со мнение може да се каже, дека гледано од правно-политички аспект, ние како држава ништо не губиме, туку добиваме, и тоа многу. Републикава се наоѓа на Балканот кој, поради расцепканоста на бројни мали држави, поради нерешените прашања меѓу нив, поради аспирациите на одредени националистички кругови во нив за големи национални држави, се нарекуваше „Балканско буре барут“. Кај одредени националистички групации во соседните држави, за жал, се уште постојат аспирации за големи национални држави и, од друга страна, сепаратистички тенденции кај одредени кругови од етничките заедници кои живеат надвор од нивните матични држави. Поради тоа постоеше латентна опасност, територијата на Републикава, во услови на неповолен развој на настаните, да биде поделена меѓу соседите. Таквата опасност сега не постои. НАТО како колективен систем на безбедност тоа нема да го дозволи.

НАТО е колективен систем организиран од луѓе - човечки систем. За него, како систем, важат законитостите за кои зборува општата теорија на системите:[2] организираност, насоченост кон одредена цел, интеракција и ентропија[3] (склоност кон дезорганизација – пропаѓање). Како човечки систем тој се спротивставува на ентропијата во него, и тоа организирано, за разлика од природните системи кои ја немаат таа моќ. Организираното спротивставување на ентропијата во еден колективен систем на безбедност, како што е НАТО, претпоставува одлучно и енергично спречување на сите деструктивни и дезинтегративни појави и процеси во системот, како што се сепаратизмот, повредите на територијалниот интегритет на државите - членки, тероризмот, организираниот криминал и други негативни појави и процеси. Имајќи го ова во вид, без сомнение, соништата на балканските националисти за големи национални држави на сметка на нивните соседи се прекинати. Прекинати се и соништата на сепаратистите за приклучување кон матичните држави. Значи, како членка на НАТО, Република Северна Македонија е потполно безбедна. Во безбедна држава капиталот слободно влегува и останува. Гледано од аспект на безбедноста инвеститорите нема повеќе да стравуваат од неповолен развојна настаните. Тие слободно ќе инвестираат во македонското стопанство. На странските вложувачи ќе им биде обезбедена сигурноста на вложениот капитал и добивката онака како што е гарантирано со одредбите на членот 59 од Уставот.[4] Овие одредби нема да бидат само декларативни норми, туку реални норми. Тоа ќе бидат норми кои ќе и одговараат на објективната стварност во Републикава.

[1] Официјалниот назив на спогодбата е: Конечна спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните.

[2] Новачевски Д., (1987) Основи на теоријата на системите на информации, Наша книга, Скопје, стр. 30-33.

[3] Ibid, стр. 54-60

[4] Според член 59 од Уставот на РСМ на странските вложувачи им се гарантира правото на слободно внесување и изнесување на капиталот и добивката.
Правата стекнати врз основа на вложениот капитал не можат да се намалуваат со закон или друг пропис.

Покај странските, бенефит од членството во НАТО ќе имаат и домашните инвеститори. Домашните компании ќе имаат можност да учествуваат во синџирот на набавки и снабдување со производи за потребите на трупите на НАТО.[5]

Во врска со ова прашање треба да се истакне фактот дека во НАТО се одлучува со консензус. Ако при донесувањето на некоја одлука нешто не ни одговара како држава, слободно можеме да кажеме „не", се разбира, ако тоа „не" е базирано на објективни факти. Тогаш тоа наше „не" ќе биде почитувано. Во демократскиот свет се почитуваат правото и на него заснованите интереси на другите. Од овај аспект гледано, Републикава ќе постане потполно рамноправен партнер со сите други држави членки на Алијансата. Најголем број од тие држави влегуваат во групата на најразвиените држави во светот со високо развиени системи на владеење на правото, развиена демократија, цврст и стабилен ред и поредок воспоставен со Уставите и законите на државите. За да биде рамноправен партнер Републикава мора да изгради институции на системот, кои ќе бидат интероперабилни со институциите на останатите членки на Алијансата. Ова пред се однесува на органите и институциите од областа на безбедноста и одбраната.

## 2. КОМПАТИБИЛНОСТА НА НОРМАТИВНАТА РЕГУЛАТИВА КАКО ОСНОВА ЗА ИЗГРАДБА НА ИНТЕРОПЕРАБИЛЕН СИСТЕМ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ОДБРАНА

Интероперабилноста како особина на акцијата, на дејноста на органите и институциите се базира на компатибилна организација, компатибилна опрема и материјални средства и компатибилна нормативна регулатива.

Темата на ова излагање ја наметнува потребата да се задржиме на проблемот на компатибилноста на нормативната регулатива на Републикава со нормативните регулативи на земјите членки на НАТО.

Нормативната регулатива содржана во законите и подзаконските прописи всушност претставува голем збир на правила за акција. Гледано од аспект на теоријата на системите НАТО е одбранбено-безбедносен систем. Системите за безбедност и одбрана на земјите членки на НАТО се подсистеми на тој систем. За да може системот ефикасно и ефективно да функционира неопходно е да постојат идентични правила на акција на подсистемите што него го сочинуваат. Значи, потребно е да постојат идентични или, подобро речено, компатибилни одредби за регулирање на одбранбено безбедносните системи на државите како подсистеми на НАТО. Правилата односно одредбите се содржани во законите. Според тоа потребни се компатибилни закони. Токму поради тоа Македонија, како долгогодишен аспирант за членство во НАТО, настојуваше максимално да ја приближи својата нормативна регулатива за безбедност и одбрана до нормативните регулативи на земјите членки на Алијансата. Како резултат на тие настојувања креирана е и усвоена Стратегија на одбраната, усвоен е Стратегиски одбранбен преглед, усвоени се бројни други документи кои се структурирани и систематизирани според барањата и терковите на НАТО.

Сега, кога Републикава практично е членка на НАТО, се врши дорегулација на одбранбено безбедносниот систем со измени и дополнувања на Законот за одбрана, на Законот за служба во АРМ, Законот за класифицирани информации и други закони.

Така, со измените и дополнувањата на Законот за одбрана се врши усогласување на регулативата од областа на одбраната со обврските и правилата во НАТО, особено во делот на применливоста на членот 5 од Северноатланскиот договор.[6] Понатаму, со измените се врши доуредување на прашањата на стратегиските документи, надлежностите на органите, упатувањето на наш персонал во мировните операции можностите за престој на штабови и команди на меѓународни организации на територијата на Републикава и друго.

Целта на измените и дополнувањата е да се овозможи брз одговор од страна на сите институции, а особено од Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, односно човечките

[5] Според изјавата на вицепремиерот Кочо Анѓушев на трибината НАТО индустриски ден, одржана на 12 ноември 2019 година, се работи за значителен буџет, што се мери во милијарди евра односно во НАТО Агенциите за сервиси и набавки и за комуникации и информатика, вкупно пет милијарди евра, кои се на располагање на нашите компании рамноправно да учествуваат како и сите други компании од земјите – членки на Алијансата.

[6] Според овој член од Договорот страните се согласни дека вооружен напад на една или повеќе од нив во Европа или Северна Америка ќе се смета како напад против сите нив и поради тоа тие се согласија дека во случај на таков напад, секоја од нив, остварувајќи го правото на индивидуална или колективна одбрана - Член 51 од Повелбата на Обединетите Нации - ќе и помогне на нападнатата Страна или Страни по пат преземање итна, индивидуално или заедно со другите Страни, акција која се смета за неопходна, вклучувајќи употреба на оружена сила, за да се врати и одржи безбедноста на Северно-Атланскиот/регион.

капацитети со кои располагаат за потребите на колективната самоодбрана, а воврска со ова создавање можност за упатување во согласност со ратификуваните меѓународни договори на активниот воен и цивилен персонал, припадниците на резервните сили на Армијата и вработените во Министерството, на должности во командните структури на НАТО, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката. Најпосле, цел на измените и дополнувањата е да се изврши терминолошко усогласување и прецизирање на определени поими.

Основна цел на измените и дополнувањата на Законот за служба во АРМ е да се дефинираат условите за упатување на воени старешини и цивилен персонал распоредени во воени претставништва, воени мисии, штабови и други меѓународни организации и меѓународни воени единици, како во странство, така и во Република Северна Македонија. Исто така цел на Законот е и распоредувањето на националните капацитети во странство надвор од Република Северна Македонија да биде на задолжителна, наместо на доброволна основа. Понатаму цел на овие измени и дополнувања е да се створат услови за подобрување на стандардот на припадниците на АРМ.

Најпосле, цел на Законот за класифицирани информации е уредување на системот за заштита на класифицирани информации, со одржување на високо ниво на усогласеност со регулативите на НАТО и ЕУ. Со тоа се овозможува поефикасно и побезбедно ракување со класифицираните информации согласно со стандардите на НАТО.

## 3. СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНИТОСТА КАКО УСЛОВ ЗА ЕФИКАСНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ НА СИСТЕМОТ

Институциите на системот ќе бидат ефикасни ако се почитуваат законите. Почитувањето на законите подразбира нивно доследно извршување од страна на граѓаните и тоа како од оние граѓани кои како државни, односно јавни службеници, судии, обвинители, професори, лекари, инжинери и други работат и работејќи ги сервисираат граѓаните, така и од самите граѓани кои се сервисирани од институциите. Со почитувањето на законите се остварува редот и поредокот во општеството, а со тоа се прави животот поквалитетен, односно се остварува напредок во личниот и заедничкиот живот како што кажува Уставот во Преамбулата. Без почитување на законите нема ред и поредок, нема квалитетен живот, нема напредок во општеството. Во врска со ова ќе направиме еден мал осврт кон теоријата на игрите и општествената сцена на која се одвива или „игра“ општествениот живот, се разбира со огромен број играчи - граѓани ќе ја спoредиме со фудбалско игралиште на кое се игра фудбал. Тешко е споредливо, но од аспект на принципот на почитување на правилата може да се спореди. Да замислиме фудбалот да се игра без почитување на правила. На стадионот ќе гледаме неред, хаос, можеби и тепачки и нема да уживаме. Но, ако играчите играат со почитување на правилата на играта ќе гледаме квалитетен фудбал и ќе уживаме. Така е и со општествениот живот, ако се почитуваа правилата на играта - одредбите на законите со коишто се уредени општествените односи во државата, ќе имаме квалитетен, сигурен и безбеден живот и обратно, ако тие не се почитуваат, ќе имаме неквалитетен и несигурен живот.

Во врска со изградбата на компатибилен и интероперабилен систем на безбедност и одбрана од правен аспект, ќе се задржиме на потребата од изградба на правна култура компатибилна со правната култура на граѓаните на развиените демократски држави членки на НАТО.

Правната култура подразбира информираност за прописите, правилно сфаќање на значењето на прописите и одговорен однос кон нивното спроведување. Ова е комплексно прашање кое покрај правните има социолошки аспекти, психолошки аспекти, антрополошки аспекти, етички аспекти, педагошки аспекти и т.н.

Кога сме кај сервисирањето на граѓаните од страна на институциите на системот, при вработувањето на правни стручњаци во институциите треба доследно да се почитува и спроведува уставната одредба од членот 58, став 2 од Уставот според која учеството во управувањето и одлучувањето во јавните установи и служби се базира на принципите на стручност и компетентност. Стручност и компетентност, а не партиска припадност и верност. Споилс системот и или системот на плен (преведено на македонски) при вработувањето треба да се замени со мерит системот или системот на заслуги. Тоа значи да се вработуваат и да напредуваат во службата само стручни и компетентни граѓани. На тоа треба енергично да работиме.

Посебно внимание треба да се посвети на луѓето кои работат на нормативната регулатива или, попрецизно кажаном на пишувачите на законите. Поради недоволна стручност на тие луѓе ние имаме неквалитетни закони, со нејасни и недоречени одредби, со колизии во одредбите, неусогласености со Уставот и сл. Тоа е една од главните причини за честите измени и дополнувања на законите. Честите измени и дополнувања доведуваат до висок степен на правна несигурност. Добриот закон не се менува или не се менува често. Dura lex sed lex – трајниот закон е закон во вистинска смисла на зборот. Не е закон оној закон кој што често се

менува. Тој е закон само во формална смисла на зборот, но не и закон во смисла на поимот закон како нешто што долго трае. Затоа на нормативната регулатива треба да работат истакнати правни стручњаци кои покрај материјата што ја регулираат треба добро да го познаваат уставното право, правната онтологија, правната аксиологија, правната логика, правната херменевтика и други правно филозофски дисциплини.

Што се однесува до обичните граѓани со интензивна работа, укажувања, пропаганда, воспитна работа во домовите и училиштата тие треба да сфатат дека почитувањето на законите е во нивна полза, дека со тоа се постигнува поквалитетен, посреден, посреќен и побезбеден живот. Владеењето на правото, како темелна вредност на Уставниот поредок од член 8, став 1, алинеја 3 на Уставот, не треба да се сфаќа и третира само како декларативна одредба, туку како одредба со длабоко суштинско значење со која се обезбедува редот и поредокот во општеството. Ако успееме да воспоставиме систем на владеење на правото ќе постигнеме компатибилност и интероперабилност на нашиот општествен систем со општествените системи на земјите членки на НАТО, а одбранбено безбедносниот систем е потсистем на општествениот систем.

## 4. НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Од аспект на теоријата на организацијата НАТО е заедница (алијанса) на држави членки на ООН организирана за остварување на правото на колективна самоодбрана додека Советот за безбедност не преземе мерки потребни за одржување на меѓународниот мир и безбедност.[7]

Гледано низ призмата на теоријата на системите тој претставува одбранбено безбедносен систем на подсистеми – држави кои воспоставиле и развиваат натамошен развој на мирољубиви и пријателски меѓународни односи, преку јакнење на своите слободни институции, со постигнување на подобро разбирање на принципите врз кои се засновани овие институции и преку унапредување на условите на стабилност и благосостојба кои ќе се залагаат за елиминирање на конфликтите во нивните меѓународни економски политики, ќе ја охрабруваат економската соработка меѓу нив или меѓу сите од нив и кои одделно или заедно, преку постојана и ефикасна самопомош и заемно помагање, ќе ги зачуваат и ќе ги развиваат индивидуалните и колективните способности за спротивставување на вооружен напад[8] согласно со членот 5 од Северноатланскиот договор.

НАТО, како систем, претставува окружување за секоја од државите членки кои како такви се негови потсистеми. Окружувањето ги вклучува сите ресурси на државите: човечки ресурси, материјални ресурси, технологија, право, економски услови, владини институции, трговски асоцијации и др. Државите членки како отворени системи разменуваат и конзумираат ресурси од окружувањето. За да можат тоа да го прават тие мора да воспостават компатибилност на ресурсите. Компатибилноста овозможува интероперабилност во активностите. Интероперабилноста е услов за ефикасност на акциите на системот, што во случајов е НАТО како одбранбено-безбедносен систем.

Членки на НАТО се најразвиените држави на Северно-атланскиот регион на Планетава. Република Северна Македонија, поради бројни надворешни и внатрешни причини, за жал, е една од најсиромашните држави во тој регион. Воспоставувањето на компатибилност со поразвиените држави значи напредок за Македонија. Тој напредок може да се оствари со користење и унапредување на сопствените ресурси и со помош до другите држави членки на НАТО. Откако компатибилноста ќе се воспостави, таа треба да се одржува. Одржувањето, исто така, се базира на користењето на сопствените ресурси и на надворешна помош. Некомпатибилните подсистеми системот ги отфрла, како туѓо тело. Затоа секој подсистем настојува да остане во рамките на системот. Од друга страна пак системот, како целина, борејќи се против ентропијата се бори да го задржи секој подсистем во своите рамки. Тоа иде во прилог на Републикава како членка на НАТО затоа што таа, во нејзините настојувања да биде компатибилен, интероперабилен а со тоа и рамноправен партнер со другите држави членки, секогаш може да очекува помош и поддршка од НАТО како систем. Имајќи го ова во вид членството во НАТО значително ќе ги помогне процесите за изградба и воспоставување на компатибилност со земјите членки на Европската Унија, со што без сомнение, ќе се забрза процесот за нејзино зачленување во Унијата.

## ЛИТЕРАТУРА

Кузев С., (2002) Збирка на документи од областа на безбедноста и одбраната, Југореклам, Скопје.
Новачевски Д., (1987) Основи на теоријата на системите на информации, Наша книга, Скопје.
Обединети Нации – темелни документи (1995), Нова Македонија, Скопје.
Предлог закон за измени и дополнувања на Законот за одбрана,(2019) www.sobranie.mk.

[7] Види член 51 од Повелбата на ООН.
[8] Види член 2 и 3 од Северноатланскиот договор.

Предлог закон за измени и дополнувања на Законот за служба во АРМ, (2019), www.sobranie.mk.
Ристески Т., (2019) Правно-политичките придобивки од зачленувањето во ЕУ и НАТО, Штит, број 116 од јуни 2019 год.
Стратегиски одбранбен преглед 2018 на Република Македонија,(2018) www.morm.gov.mk.
Стратегија за одбрана на Република Македонија, (2010), Службен весник на РМ, број 30/2010.
Устав на Република Северна Македонија со амандмани (2019), www.sobranie.mk.
Шеќеринска Р., (2019) Говори и обраќања пред јавноста, www.morm.gov.mk.